EUROPEAN CENTRE FOR MINORITY ISSUES




Месечен електронски информатор на

## ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија

**Март 2004, број 24**

Ова е информаторот на ЕЦМП НВО  Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија.  Оваа мрежа е резултат на заедничката иницијатива помеѓу Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП), од Фленсбург, Германија и членките на Мрежата. Оваа Мрежа ќе ја зголеми соработката на НВОи-членки кон развој и унапредување на меѓуетничката толеранција, почитување на разликите и дијалогот помеѓу оние кои живеат во Република Македонија. Посебно, оваа НВО Мрежа цели да ги зајакне капацитетите на НВОи-учесннички да создаваат заеднички проекти и други иницијативи со силна меѓуетничка димензија и да ги имплементираат таквите иницијативи.

# Вести

**01 Март**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Гостиовар**
**Развој на Акционен План**
Членките на ЕЦМП Регионалниот НВО Ресурсен Центар Гостиовар се состанаа во Хотел "Радика", Маврово со цел да развијат Акционен План за 2004 горина. За време на еднодневната средба се разви Акциониот План како и буџетот за некои од активностите на Центарот предвидени со него.
Фасцилитатор на работилницата беше Сенат Бекири, председател на Здружението за образование, култура, екологија и хуманост "МИЛЕНИУМ".
**E-mail:** ecmigostivar@ecmingonet.org.mk

# Идни Настани

**Датум :  02.04.2004**
**Време : 16:00**
Работилница "Вештини на ненасилна комуникација", организирана од НВО Среќен Живот – Тетово ќе се одржи во село Рогачево

**Датум : 03.04.2004**
**Време : 10:00 – 17:00**
Работилница за бизнис едукација – Карактеристиките на претприемачот и селекција на бизнис идеи, во селото Ростуше, Гостивар организирана од Младински центар "Рекански Бисер" – Гостивар.

**01 Март**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**
**Развој на Акционен План**

Дводневната раборилница за развој на Акционен План за 2004 за Регионалниот НВО Ресурсен Центар Тетово се одржа во Хотелот "Попова Шапка". На работилницата беа утврдени приоритетите за делување на членките како и активностите кои треба да се спроведат со цел да се идентификуваат проблемите во заедницата.



**E-mail:** ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**03 Март**
**Здружение за образование, култура, екологија и хуманост "МИЛЕНИУМ"**
**Поставување на Филтер Станица**

Како резултат на проектот имплементиран од Здружението за образование, култура, екологија и хуманост "МИЛЕНИУМ" во соработка со локалната зедница од Врапчиште беше поставена Филтер Станива во селото Врапчиште, Гостивар. На свеченото пуштање во употреба на Филтер Станицата присутни беа и Амбасадорката на Кралството Холандија во Македонија како и претседателот на CARE International, кои финансиски го подржаа проектот.



**E-mail:** ecmigostivar@ecmingonet.org.mk

**04 Март**
**Организација на потрошувачи на Македонија – огранок Штип**
**"Превенција од остеопороза"**

Трибина на тема "Превенција од остеопороза" беше одржана во салата на "Здружение на пензионери" во организација на Организацијата на потрошувачи на Македонија – огранок Штип.

**Датум : 05.04.2004**
**Време : 17:00**
Во Месната заедница "Димитар Влахов" ќе е одржи ликовна изложба на цртежи од млади ликовни уметници од ромска националност; изложба на фотографии од активностите на Баирска Светлина од октомври 2001 до март 2004; тематска изложба: "...и населбата Баир е дел од Битола" во организација на Здружението на Ромите од Битола „Баирска светлина".

**Датум : 06.04.2004**
**Време : 17:00**
Тематска конференција: "Статусот и состојбата на ромската популација во Битола - состојби, можности и перспективи" во Месната заедница "Димитар Влахов" во организација на Здружението на Ромите од Битола „Баирска светлина".

**Датум : 06.04.2004**
**Време : 17:30**
Како дел од проектот "Младите и НВО" ќе се одржи трибина во средното училиште "Перо Наков" Куманово

**Датум : 07.04.2004**
**Време : 18.00**
Проекција на документарен филм како дел од Програмата за одбележување на 8 Април во Заводот музеј и галерија, организирано од Здружението на Ромите од Битола „Баирска светлина".

**Датум : 08.04.2004**
Осум еднодневни семинари на теми: улога и структура на НВО, волонтерска и тимска работа, проблеми кои ги загрижуваат младите и развивање на Предлог Проекти, ќе се одржат во просториите на Регионалниот Центар Куманово како дел од проектот "Младите и НВО"

**Датум : 09.04.2004**
**Време : 16:00**
Работилница "Вештини на ненасилна комуникација", организирана од НВО Среќен Живот – Тетово ќе се одржи во село Глоѓи

Предавач на Трибината беше Др. Зоран Шишков, специалист за ортопедски болести и член на Организацијата на потрошувачи на Македонија. На трибината беше потенцирана важноста на здравата храната како начин за превенција на остеопорозата.
Интересот кој го предизвика трибината беше потврден и со широката дискусија која се разви како и со покриеноста од страна на локалните медиуми.
**E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk**

**06 Март**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Штип**
**Развој на Акционен План**
Еднодневната работилница за развој на Акционен План за 2004 за Регионалениот НВО Ресурсен Центар Штип се одржа во Хотел "Оаза" Штип. На работилницата беа присутни сите членови на Работниот Тим како и Техничкиот Асистент на Центарот. Стратешките приоритети на Регионалниот Центар Штип за 2004 беа поставени и методите за нивно постигнување беа утврдени.
**E-mail: ecmishtip@ecmingonet.org.mk**

**Март**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Гостивар**
**"Оживување на историјата за изработка на традиционална облека од гостиварскиот регион"**
Проектот "Оживување на историјата за изработка на традиционална облека од гостиварскиот регион" во себе вклучува 20 жени од гостиварскиот регион кои учат како да изработат традиционална облека. Организацијата на турските жени во Македонија "МАТУКАТ" го имплементаира овај проект во соработка со Сојуз на жената Албанка и Организацијата на Жени, членки на ЕЦМП НВО Мрежата.



Покрај изработката на разни делови и детали од традиционалната облека, жените ќе изработат и традиционална облека за 12 кукли кои потоа ќе бидат изложени.
**E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk**

**Датум : 10.04.2004**
**Време : 10:00 – 17:00**
Работилница за бизнис едукација – Маркетинг план и План за производство, во селото Ростуше, Гостивар организирана од Младински центар "Рекански Бисер" – Гостивар.

**Датум : 15.04.2004**
**Време : 10:00**
Состанок на Координативното Тело на ЕЦМП НВО Мрежата

**Датум : 15.04.2004**
**Време : 15:00**
Ќе се одржи изложба и продажба на традиционална носија во просториите на Регионалниот Центар Гостивар како дел од проектот "Оживување на историјата за изработка на традиционална облека од гостиварскиот регион"

**Датум : 17.04.2004**
**Време : 10:00-17:00**
Втора работилница "Превенција од дрога" во канцеларијата на ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово, организиран од МУЛТИКУЛТУРА – Тетово.

**Датум : 17.04.2004**
**Време : 10:00 – 17:00**
Работилница за бизнис едукација – Формирање на фнансиски план и финансиски извештаи, во селото Ростуше, Гостивар организирана од Младински центар "Рекански Бисер" – Гостивар.

**Датум : 23.04.2004**
Со цел да се одбележи хрватската култура во Република Македонија, Македонско – Хрватско Здружение "Марко Марулиќ" ќе организира неколку активности како: изложба, промоција на книга, печатење на каталози, настап на хор итн.

**Датум : 24.04.2004**
**Време : 10:00**
Тренинг "Минимум Стандарди за одговор при катастрофи" за членките на Регионалниот Центар Куманово организиран од Хуманитарна Организација "Ел Хилал"

**09 Март**
**Форум на Албанската Жена**
**Промоција на Брошура**

Во просториите на Општина Тетово беше промовирана Брошурата која беше изработена како дел од Проектот “Adversaria Coruptiae”. Проектот е имплементиран од Форумот на Албанската Жена, членка на ЕЦМП НВО Мрежата, во партнерство со Здружението за Граѓанска Толеранциа и Соработка –Прилеп. Џане Крешова, председател на Форумот на Албанската Жена го отвори Форумот и даде краток вовед за Брошурата, а пото збор му беше даден на промоторот, Проф. Изет Зеќири и на Председателот на Здружението за Граѓанска Толеранциа и Соработка. Брошурата која е испечатена на македонски и албански јазик има за цел на специфичен и сатиричен начин да го привлече вниманието кон проблемот со корупцијата. Оваа Брошура исто така ќе придонесе кон напорите на државните институции, невладините организации, локалната власт и медиумите за справување со корупцијата.

Учесници на Форумот, покрај НВОите беа и претставници на локалната власт и медиумите.

**E-mail:** ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**Март**
**Организација на потрошувачи на Македонија – огранок Штип**
**Истражување на промените во потрошувачката кошничка**

Организацијата на потрошувачи на Македонија – огранок Штип работи на истражување на промените во потрошувачката кошничка во Македонија месчно. За да ги видите статистичките резултати следете го линкот March statistic results .

**Март**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Куманово**
**Организација на ромските жени “ДАЈА”**
**“Применето образование кај младите роми”**

“Применето образование кај младите роми” е тековна програма за прекфалификување на младите роми која се имплементира од страна на Организацијата на ромските жени “ДАЈА” во партнерство со Центарот на ромската заедница "ДРОМ", и двете членки на ЕЦМП НВО Мрежата.

**Датум : 25.04.2004**
**Време : 13:00**
Трибина “Фискалната Децентрализација во функционирањето на економскиот развој на општините” ќе се одржи во Општина Тетово во организација на НВО Младинска Алијанса

**Датум : 26.04.2004**
**Време : 17:00**
Прес Конференција со цел да се презентира проектот “Дијалог на заедницата и градење на капацитети” кој ќе се спроведува преку Хуманитарно здружение на Ромите во Македонија "Сонце" во малата сала на општина Тетово.

Оваа програма, подржана од страна на Македонски Центар за Меѓународна Соработка, започна во Октомври 2003 и беа опфатени 30 Роми од Куманово. Целта е да се зголемат можностите за вработување на младите Роми преку едукација и преквалификации за водоводџии, вилушкари и козметичари.
Во имплементирање на програмата активно беа вклучени професорите од Работничкиот Универзитет "Проф. Мијалков" како и вработените во Козметичкото студио "Belle Epoqe" од Куманов.
**E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk**

**11 Март**
**Младински Културен Центар**
**Седум години од основањето на Младинскиот Центар**
Со промоцијата на десеттото издание на списанието



на независната младина "THE Култ" и на мултимедијалното ЦД "Битола отворен град" во кафе барот Интермецо, Младинскиот културен центар - Битола минатиот четврток на 11 март 2004 година го започна одбележувањето на своето седумгодишно постоење. Истиот ден, во вечерните часови во кафе клубот Порта Јез премиерно беа изведени куклениот театар на сенки "Нешто друго" и проекцијата на документарниот филм "Битола отворен град", двата настани во продукција на МКЦ - Битола. Следниот ден, на 12 март 2004 година, во дискотеката Свинг ла синема беше организиран "Феврураскиот рок поход", концерт на кој настапија бендовите Небо, Соулскрим, Памперс и Тандерстарс од Битола, Вентолин од Охрид, Куазар од Прилеп и Ту сајдс од Скопје. По полноќ битолската публика ја забавуваше диџеј Песинџер. Сите настани наидоа на извонреден прием од младата битолска публика, медиумите и партнерите на МКЦ - Битола.
**E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk**

**18 Март**
**НВО Група Феликс**
**Прес Конференција за Тивка аукција на леопард**
НВО Групата Феликс и Зоолошката градина - Битола со поддршка на Општина Битола организираше конференција за печат која се одржа во просториите на х.Епинал - Битола од 11 часот.

Конференцијата за печат се одржа по повод најавата на специјалниот настан - тивка аукција на леопард која ќе се одржи на 12. Мај 2004 година. Целта на аукцијата, која е од хуманитарен карактер, е прибирање на средства кои ќе придонесат да се потпомогне Фондот за Образование на Ромските Деца и да се подобрат условите во Зоолошката градина - Битола. Двете цели, преку мобилизирање на граѓаните на овај начин, ќе дадат пример за заедничко делување во области кои се од важен интерес на нашата поширока заедница.



**E-mail:** ecmibitola@ecmingonet.org.mk

**20 Март**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Куманово**
**Развој на Акционен План**

Сите членки на ЕЦМП Регионалниот Центар Куманово присуствуваа на дводневна работилница за изработка на Акционен План за 2004 година во Хотел "Ривиера" Охрид. На работилницата беше разговарано за улогата на НВОите и на Регионалниот Центар во заедницата како и за полето кон кое треба да се насочат нивните активности.

**E-mail:** ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk

**Март**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Гостивар**
**Организацијата на Жени**
**Имплементиран Проект на Членка на ЕЦМП НВО Мрежата**

Проектот "Курсеви за шиење" на Организацијата на Жени во партнерство со Сојуз на жената Албанка и Хуманитарната Организација "УНИТЕТИ".

Курсот за шиење, кој трае три месеци, го посетуваат дваесет невработени жени од Гостивар. Целта е да се зголемат можностите за вработување на овие жени како резултат на стекнатите вештини за шиење, а со тоа да се подобри и нивната економска состојба.

**E-mail:** ecmigostivar@ecmingonet.org.mk

**20 Март**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Куманово**
**Тренинг "Минимум стандарди за одговор при катастрофи"**

Два тренинзи за "Минимум стандарди за одговор при катастрофи", организирани од Хуманитарната Организација "Ел Хилал", беа одржани на 20 и 27 Март во просториите на Регионалниот Центар Куманово. Партнери за имплементација на истоимениот проект се Регионалната агенција за развој – Крива Паланка и Центарот на ромската заедница "ДРОМ" – Куманово сито така членки на ЕЦМП НВО Мрежата.

По двајца претставници од сите членките на Регионалниот Центар Куманово зедоја учество на тренингот каде беше презентирана Хуманитарната Декларација за човекови права како и минималните стандарди за одговер на катастрофи. Тренери беа: Демир Шабани, Антонета Мазникова и Мујо Исмаили.

**E-mail:** ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk

**31 Март**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Гостивар**
**Културен настан**

Како дел од Иницијативата "Модус Вивенди" (Начин на живеење) се одржа Културен настан во Домот на културата – АСНОМ, Гостивер. Иницијативата "Модус Вивенди" е имплементирана од Здружението за образование и култура "МИЛЕНИУМ" во партнерство со Здружението за развој на општеството, Младинскиот центар "Рекански Бисер" и Центарот за заштита на правата на Ромите, членки на ЕЦМП НВО Мрежата.

Целта на Иницијативата е да го потикне меѓуетничкото разбирање преку вреднување на локалната култури и традиционални богатства како и да иницира економски развој на Гостивар и гостиварскиот регион.

Овај посебен настан, исполнет со музички, фолклорни и театарски елементи беше посетен од голем број на ученици од Гостивар и Врапчиште, граѓани и претставници на невладините организации од овај регион.

**E-mail:** ecmigostivar@ecmingonet.org.mk

**Март**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Куманово**
**Регионалната агенција за развој - Крива Паланка**
**"Преку социјализација и игра до подобра иднина"**

Заврши со имплементација тримесечната иницијатива "Преку социјализација и игра до подобра иднина", спроведена од Регионалната агенција за развој од Крива Паланка во партнерство со останатите членки на ЕЦМП Регионалениот НВО Ресурсен Центар Куманово.

Иницијативата беше насочена кон зголемување на разбирањето и соработката помеѓу различните етнички заедници, ставајќи акцент пред се на младите. Тргнувајќи од целта, беше организиран камп кој опфати 36 млади луѓе од 15 до 18 години, од Куманово, Липково, Свети Николе и Крива Паланка. Покрај формалнот дел од кампот, голема улога во постигнувањето на целта одигра и неформален дел каде се разви пријателство, почит и разбирање меѓу учесниците.

**E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk**

**Март**
**Организацијата на потрошувачи на Македонија – огранок Штип**
**Учество на семинар "Здрави општини – раководење и управување за здравје"**

Претставник на Организацијата на потрошувачи на Македонија – огранок Штип, учествуваше на семинарот "Здрави општини – раководење и управување за здравје", кој се одржа во Хотел "Оаза" Штип. Семинарот беше организиран од Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика.

Предавањето и дискусијата на семинарот беа насочени кон зголемената потребата од стекнување на нови знаења и вештини за менаџмент во здравството на локално ниво како резултат на децентрализацијата.

Предавачи на семинарот беа Доц. Др. Фимка Тозија и Проф. Др. Моме Спасоски.

**E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk**

Се надеваме дека ова издание на информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата ви беше од корист.
Ако имате било какви коментари или предлози за подобрување на овој информатор, ве молиме контактирајте со Верица Грданоска на: grdanoska@ecmingonet.org.mk.

Предходни изданија на Информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата: **http://www.ecmingonet.org.mk/publications_uk.htm**


**Европски центар за малцински прашања**
**Регионална канцеларија Скопје**
**Ул. Мајка Тереза 13а, 1000 Скопје**
**Телефон: +389 (0)2 3215 637; 3215 638**
**Факс: +389 (0) 2 3215 639**
**E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk.**
**www.ecmingonet.org.mk**
**www.ecmi.de**



ЕЦМР Проектот во Македонија е финансиран со великодушна поддршка на:

Swedish International Development Cooperation Agency

British Embassy Skopje

ODIN The Royal Norwegian Foreign Ministry

Royal Danish Ministry of Foreign Affairs


## ЕЦМП Пегионални НВО Ресурсни Центри


**ЕЦМП Регионален Центар Скопје**
Адреса: Мајка Тереза 13а, Скопје
Телефон/Факс: 389 (0)2 3215 637
E-mail: ecmi-skopje@ecmingonet.org.mk
Лице за контакт: Гордана Цветкоска

**ЕЦМП Регионален Центар Куманово**
Адреса: Локалитет Гарнизон 1/1-2
Телефон / Факс: 389 (0)31 425 456
E-mail: ecmiku-manovo@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Елена Петковска

**ЕЦМП Регионален Центар Битола**
Адреса: Јосиф Христовски 4/4, Битола
Телефон / Факс: 389 (0)47 236 874
E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Лидија Ангелковска

**ЕЦМП Регионален Центар Гостивар**
Адреса: 18ти Ноември 37а, Гостивар
Телефон / Факс: 389 (0)42 212 273
E-mail: ecmigosti-var@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Небија Исмаили

**ЕЦМП Регионален Центар Штип**
Адреса: Ванчо Прке 62/3-2, Штип
Телефон / Факс: 389 (0)32 382 510
E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Татјана Николовска

**ЕЦМП Регионален Центар Тетово**
Адреса: Илинденска 97, Тетово
Телефон / Факс: 389 (0)44 339 031
E-mail: ecmite-tovo@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Елвира Муртезани